**20171042017**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 12 став 8 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во Занаетчискиот регистар.

Член 2

Барањето за упис во Занаетчискиот регистар се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за донесување на решение за упис во Регистарот на занаетчии и формата и содржината на барањето за донесување на решение заради неизвршен упис во Регистарот на занаетчии односно недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот на занаетчии („Службен весник на Република Македонија“ бр.138/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-3337/7
27 јули 2017 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

ПРИЛОГ

ДО ___________________________________________
(назив на комората)

БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР

1. Барател (име, татково име, презиме, ЕМБГ)
   Име ________________ Татково име _______________ Презиме ______________

   ЕМБГ

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

2. Живеалиште на барателот
   улица _______________________, број ___ телефон ________________
   општина ____________________ е-маил __________________

3. Дејности кои ќе се вршат и шифрите на дејностите
   ________________________________________
   ________________________________________
   ________________________________________
   ________________________________________

4. Седиште на деловниот простор:
   улица _______________________, број ___ телефон ________________
   општина ____________________ е-маил __________________

5. Адреса на работните простории:
   улица _______________________, број ___ телефон ________________
   општина ____________________ е-маил __________________

6. Својство на подносителот (лично, полномошник, член на семејство):
   ___________________________

7. Основ за поднесување на барањето:
   _____________________________________________________________________
   _____________________________________________________________________
   _____________________________________________________________________
   _____________________________________________________________________

Место и датум　　　　　　м.п.　　　　　　Подносител на барањето

________________________　　　　　　　　　　　　______________________